# Службен гласник на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 7
20 мај 2022 година

Година LVIV


## С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 325. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат на член на Советот на Општина Штип | 526 |
| 326. | Решение за престанок на мандат на член на Советот на Општина Штип | 526 |
| 327. | Решение за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Совет на Општина Штип | 527 |
| 328. | Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Совет на Општина Штип | 528 |
| 329. | Решение за објавување на Извештај за верификација на мандат на член на Советот на Општина Штип | 528 |
| 330. | Извештај за верификација на мандат на член на Советот на Општина Штип | 529 |
| 331. | Решение за објавување на Решение за верификација на мандат на член на Совет на Општина Штип | 530 |
| 332. | Решение за верификација на мандат на член на Совет | 530 |

| | | |
|---|---|---|
| | на Општина Штип | |
| 333. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Исар“ Штип за основање на друштво со ограничена одговорност | 531 |
| 334. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Исар“ Штип за основање на друштво со ограничена одговорност | 531 |
| 335. | Одлука за исправка на техничка грешка во Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП „Исар“ Штип за 2022 година | 532 |
| 336. | Одлука за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП „Исар" Штип за 2022 година | 533 |
| 337. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество со кофинансирање на Општина Штип во проектот „Изградба на спортски комплекс (авантуристички парк) Општина Штип“ | 534 |
| 338. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество со кофинансирање на Општина Штип во проектот „Изградба на спортски комплекс (авантуристички парк) Општина Штип“ | 535 |
| 339. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество со кофинансирање на Општина Штип во проектот „Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР-електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село“ | 536 |
| 340. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество со кофинансирање на Општина Штип во проектот „Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР-електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село“ | 537 |
| 341. | Решение за објавување на Одлука за давање поддршка на иницијатива за доделување на државна награда „11 Октомври“ за 2022 година на проф. д-р Методи Чепреганов | 538 |
| 342. | Одлука за давање поддршка на иницијатива за доделување на државна награда „11 Октомври“ за 2022 година на проф. д-р Методи Чепреганов | 539 |
| 343. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на | 539 |

| | | |
|---|---|---|
| | Општина Штип | |
| 344. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Штип | 540 |
| 345. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта | 541 |
| 346. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта | 541 |
| 347. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците за поставување, поправка и замена на други објекти на комунална инфраструктура и комунална опрема | 543 |
| 348. | Одлука за утврдување на висината на надоместоците за поставување, поправка и замена на други објекти на комунална инфраструктура и комунална опрема | 544 |
| 349. | Решение за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево | 544 |
| 350. | Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево | 545 |
| 351. | Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на програмата за работа на ЈП„Исар“ Штип за 2022 година | 546 |
| 352. | Програма за изменување и дополнување на програмата за работа на ЈП„Исар“ Штип за 2022 година | 546 |
| 353. | Решение за објавување на Заклучок за утврдување на пречистен текст на Програмата за работа на ЈП„Исар“ Штип за 2022 година | 548 |
| 354. | Заклучок за утврдување на пречистен текст на Програмата за работа на ЈП„Исар“ Штип за 2022 година | 548 |
| 355. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 година | 549 |
| 356. | Квартален извештај за извршување на Буџетот на | 549 |

| | | |
|---|---|---|
| | Општина Штип за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 година | |
| 357. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на средствата по програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Штип за 2021 година и програмата за изградба и одржување на локални патишта во општина Штип за 2021/22 година во зимски услови | 587 |
| 358. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на средствата по програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Штип за 2021 година и програмата за изградба и одржување на локални патишта во општина Штип за 2021/22 година во зимски услови | 587 |
| 359. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на советот на Општина Штип за периодот октомври-декември 2021 година | 588 |
| 360. | Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на советот на Општина Штип за периодот октомври-декември 2021 година | 589 |
| 361. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на износот на надоместок на трошоците за престој на деца во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ Штип за месец април 2022 година | 589 |
| 362. | Одлука за утврдување на износот на надоместок на трошоците за престој на деца во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ Штип за месец април 2022 година | 590 |
| 363. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош на дуото Хармоники | 591 |
| 364. | Одлука за одобрување на финансиска помош на дуото Хармоники | 591 |
| 365. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош за лекување на Мирјана Страхилова и Мирјана Јачова | 592 |
| 366. | Одлука за одобрување на финансиска помош за лекување на Мирјана Страхилова и Мирјана Јачова | 592 |
| 367. | Договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Карбинци | 593 |
| 368. | Исправка | 596 |

325.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА
МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решение за престанок на мандат на член на Совет на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3255/2
20 мај 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

326.

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), член 32 и 33 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА
ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

На **Никола Рилак** избран за член на Советот на Општина Штип од СДСМ со коалиционите партнери му престанува мандатот на член на Советот на Општина Штип, поради поднесена оставка, согласно член 46 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа.

Член 2

Ова Решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3255/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2022 година Претседател,

Штип Весна Кожинкова, с.р.

327.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3256/2 Општина Штип
20 мај 2022 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

328.

Врз основа на член 7 став 2 и 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општина Штип, **се избираат**:

1. за претседател

- Дејанчо Здравков

2. за членови

- Драгица Петрова
- Трајче Стојчевски

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3256/1
19 мај 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

329.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Извештај за верификација на мандат на член на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3257/2
20 мај 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

330.

Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Штип, врз основа на издаденото Уверение за избран советник на Општинската изборна комисија Штип број 11-138/23 од 20.04.2022 година, го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИТЕ НА
ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА
ОПШТИНА ШТИП

Согласно одредбите на член 34 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), Советот на Општина Штип го сочинуваат 23 членови.

Од известувањето на Општинската изборна комисија Штип е утврдено дека нов член на Советот на Општина Штип согласно утврдената кандидатска листа за советници на Локалните избори 2021 година од Политичка партија „Левица“ е Ангеле Михајловски.

Верификационата комисијата утврди дека издаденото уверение за член во Советот на Општина Штип е во согласност со член 37 став 4 точка 4 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20, 72/20, 160/20, 74/21 и 215/21), па затоа му предлага на Советот да го верифицира мандатот на членот на Советот:

- Ангеле Михајловски

Во прилог на овој Извештај се доставува уверението на избраниот член на Советот.

Број 08-3257/1
19 мај 2022 година

Ш т и п

Претседател
Дејанчо Здравков

Членови:
Драгица Петрова
Трајче Стојчевски

331.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА
МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решение за верификација на мандат на член на Совет на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3258/2
20 мај 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

332.

Врз основа на член 34 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 18 и 20 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), член 7 став 1 и член 9 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе.

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Штип:
   - Ангеле Михајловски

2. Свечената изјава на членот на Советот е составен дел на ова Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3258/1
19 мај 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

333.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ИСАР“ ШТИП ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Исар“ Штип за основање на друштво со ограничена одговорност.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3259/2
20 мај 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

334.

Врз основа на член 11 став 1 точка 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ИСАР“-ШТИП ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП “Исар“-Штип за основање на Друштво со ограничена одговорност.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за основање на Друштво со ограничена одговорност донесена од Управниот одбор на ЈП “Исар“-Штип со архивски број 02-634 од 11 мај 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3259/1
19 мај 2022 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

335.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП"Исар"-Штип, Управниот одбор на ЈП "Исар" Штип на својата тринаесетта седница одржана on-line, преку платформата ZOOM на ден 09.05.2022 година во (14: 00 часот) ја донесе следната

О Д Л У К А
за исправка на техничка грешка во Одлуката за
изменување и дополнување на
Програмата за работа на ЈП Исар Штип за 2022 год.

Член 1

Се врши исправка на техничка грешка на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП „Исар“-Штип за 2022 год.бр.02-80/2 од 14.01.2022 година на следниот начин:

Во член 3, наместо 173.245.812,оо треба да стои 154.661.456,оо.

Член 2

Во останатиот дел Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП„Исар“-Штип за 2022 год. бр.02-80/2 од 14.01.2022 година останува непроменета.

Член 3

Оваа одлука има правно дејство со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

При изготвувањето на Барањето за дополнување на Програмата за работа на ЈП „Исар“-Штип за 2022 година бр.02-620 од 09.05.2022 година од страна на в.д.директорот е констатирано дека во донесената Одлука за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП„Исар“-Штип за 2022 год.бр.02-80/2 од 14.01.2022 год. во член 3 е направена техничка грешка во делот кај Вкупно стои износ од 173.245.812,оо наместо154.661.456,оо .

Кога сите поединечни износи во табеларниот преглед на планирани приходи и расходи од Програмата за работа: Приходи од вода претпријатија - 27.000.000.оо; Приходи од канализација претпријатија – 12.000.000,оо; Приходи од вода домакинства-63.000.000,оо; Приходи од канализација домакинства – 22.000.000,оо; други приходи – 7.000.000,оо; Приходи од буџет на Општина Штип – 23.661.456,оо, би се собрале ќе се добие Вкупно износ од 154.661.456,оо.

Поради наведеното со оваа одлука се врши исправка на наведената грешка.

ЈП"Исар" Штип
Управен одбор
Претседател
Кирил Зајков, с.р.

336.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП „Исар "Штип, а во врска со Барање за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП „Исар" Штип за 2022 год. бр.02-620 од 09.05.2022 година Управниот одбор на ЈП „Исар" Штип на својата тринаесетта седница одржана on- line, преку платформата ZOOM на ден 09.05.2022 година во (14: 00 часот) ја донесе следната

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Програмата
за работа на ЈП „Исар" Штип за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП „Исар"-Штип за 2022 година заведена под арх.бр.01-1354 од 15.12.2021 година.

Член 2

Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2022 година во табеларниот преглед на точка 1. "Актиности

усогласени со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип" по точка 22 се додава нова точка:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23 | Реконструкција на водоводна линија на дел од ул"Борко Талев и Јане Сандански " | Водоводна линија ПЕ цевки ОД 110мм 16 бари , ПЕ ОД 63мм 10 бари и ПЕ ОД 32мм 10 бари во должина од 325м | 1.141.535,оо |

Член 3

Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2022година под табеларниот преглед на точка 1."Активности усогласени со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип" , зборовите "Вкупната вредност на предвидените активности изнесуваат: 23.661.456,оо "се заменува со зборовите "Вкупната вредност на предвидените активности изнесуваат: 24.802.991,оо "

Член 4

Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2022 година, точка 2 "Активности финансирани од сопствени средства на ЈП „Исар" Штип "во табеларниот "Преглед на планирани приходи и расходи "во табела "Приходи", Приходи од буџет на Општина Штип износот: 23.661.456,оо се заменува со 24.802.991,оо и Вкупно износот: 154.661.456 ,оо се заменува со 155.802.991 ,оо.

Член 5

Во останатиот дел Програмата за работа на ЈП „Исар"-Штип за 2022 година заведена под арх.бр.01-1354 од 15.12.2021 година останува непроменета.

Член 6

Одлуката стапува во сила по усвојувањето од страна на Советот на Општина Штип, а со денот на објавувањето на истата во „Службен гласник на Општина Штип".

ЈП"Исар" Штип
Управен одбор
Претседател
Кирил Зајков, с.р.

337.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО СО КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС (АВАНТУРИСТИЧКИ ПАРК) ОПШТИНА ШТИП“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество со кофинансирање на Општина Штип во проектот „Изградба на спортски комплекс (авантуристички парк) Општина Штип“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3260/2 Општина Штип
20 мај 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

338.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО
СО КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ
„ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС
(АВАНТУРИСТИЧКИ ПАРК) ОПШТИНА ШТИП“

Член 1

Општина Штип ќе учествува со кофинансирање во реализацијата на проектот „Изградба на спортски комплекс (авантуристички парк) Општина Штип“, со 15,1% од вкупниот буџет на проектот, односно 3.550.274,00 денари.

Член 2

Проектот „Изградба на спортски комплекс (авантуристички парк) Општина Штип“ ќе го аплицира Центарот за развој на Источен плански регион до Министерството за локлана самоуправа и Швајцарската агенција за развој и

соработка по Програмата Одржлив и инклузивен рамноправен регионален развој, фаза 2.

Вкупниот буџет на проектот изнесува 23.514.274,00 денари со вклучен ДДВ, од кои 19.964.000,00 денари се средства од Министерството за локлана самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка по Програмата Одржлив и инклузивен рамноправен регионален развој, фаза 2. Преостанатиот дел од 15,1% од вкупниот буџет на проектот, односно 3.550.274,00 денари е кофинансирање од буџетот на Општина Штип.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Општина Штип средствата ќе ги трансферира на сметката на носителот на проектот, Центар за развој на Источен плански регион.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3260/1 — Совет на Општина Штип
19 мај 2022 година — Претседател

Ш т и п — Весна Кожинкова, с.р.

339.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО СО КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ „ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИПР-ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА, ОГРАДУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ БАРГАЛА И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦА ВО АВТЕНТИЧЕН СТИЛ ВО НАСЕЛБА НОВО СЕЛО“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество со кофинансирање на Општина Штип во проектот „Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР-електрификација, оградување и

поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3261/2
20 мај 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

340.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО СО КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ „ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИПР-ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА, ОГРАДУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ БАРГАЛА И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦА ВО АВТЕНТИЧЕН СТИЛ ВО НАСЕЛБА НОВО СЕЛО”

Член 1

Општина Штип ќе учествува со кофинансирање во реализацијата на проектот „Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР - електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село”, со 10% од вкупниот буџет на проектот, односно 791.473,00 денари.

Член 2

Проектот „Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР - електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село”, ќе го аплицира Центарот за развој на Источен плански регион до Министерството за локлана самоуправа и Бирото за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година.

Вкупниот буџет на проектот изнесува 7.914.732,00 денари со вклучен ДДВ, од кои 7.123.259,00 денари се средства обезбедени од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година. Делот од 10% од вкупниот буџет на проектот, односно 791.473,00 денари е кофинасирање од буџетот на Општина Штип.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Општина Штип средствата ќе ги трансферира на сметката на носителот на проектот, Центар за развој на Источен плански регион.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08- 3261/1
19 мај 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

341.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА НАГРАДА „11 ОКТОМВРИ“ ЗА 2022 ГОДИНА НА ПРОФ. Д-Р МЕТОДИ ЧЕПРЕГАНОВ

I

Се објавува Одлука за давање поддршка на иницијатива за доделување на државна награда „11 Октомври“ за 2022 година на проф. д-р Методи Чепреганов.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3262/2 Општина Штип
20 мај 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

342.

Врз основа на 46 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА
ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА 11-ТИ ОКТОМВРИ
ЗА 2022 ГОДИНА НА ПРОФ. Д-Р. МЕТОДИ ЧЕПРЕГАНОВ

Член 1

Се дава подршка на иницијативата за доделување на државната награда „11-ти Октомври“ за 2022 година за животно дело од областа на науката на Проф.д-р Методи Чепреганов невропсихијатар-епилептолог.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3262/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2022 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

343.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ОДЛУКАТА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3263/2
20 мај 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

344.

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ број 95/12, 165/13, 42/14, 44/15, 145/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ број 302/20) и член 21 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ОДЛУКАТА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД
НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/13 и 15/21), во делот 13 „Отстранување на нерегистрирани и хаварисани возила, приколки и камп приколки и земјоделски машини“ во членот 105 се додава нови ставови 2, 3, 4 и 5 кои гласат:

„Овластен субјект за отстранување на хаварисани возила од јавни површини е ЈП „Стипион 2011“- Штип или друг субјект определен од страна на Општина Штип,,.

Надлежен субјект за преземање и чување на отстранетите хаварисани возила е ЈП„Стипион 2011“Штип.

Отстранетите хаварисани возила ќе се чуваат во магацинскиот простор во м.в.Новакова чешма.

При примопредавањето на возилата овластениот комунален инспектор и ЈП„Стипион изготвуваат записник за примопредавање со податоци за број, тип, марка и регистарски број на возилото, доколку го има и состојба на возилото, фотографии и сл.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Штип“.

Број 08-3263/1
19 мај 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

345.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПАТИШТА

I

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3264/2
20 мај 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

346.

Врз основа на член 62 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” број 84/08, 52/09,114/9, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14,44/15, 116/15, 150/15, 31/16,71/16,163/16 и 174/21 ), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта (Службен гласник на Општина Штип број 07/10, 09/15 и 10/15) членот 2 се менува и гласи:

„За поставување натписи и рекламни табли од едната страна (опрема за рекламирање) во заштитниот појас на општинските патишта во Општина Штип се плаќа надоместок и тоа:

- површина до 1м$^2$ - 4.000,00 денари годишно
- површина од 1,1м$^2$ до 3,75м$^2$ - 10.000,00 денари годишно
- над 3,76 м$^2$ - 15.000,00 денари годишно

Годишните цени се зголемуваат за 20% ако опремата за рекламирање е наменета за издавање на други корисници.

Доколку рекламната табла се користи од ист субјект за рекламирање од две страни се плаќа дополнителен надоместок во висина од 50% од цената утврдена во член 1 став 1 на оваа одлука.

Начинот и постапката за добивање дозвола за поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските патишта ќе се регулира со посебна одлука“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот и заштитниот појас на патот изнесува и тоа:

1. Поставување на инсталации во трупот на патот
   - 3.000,00 денари на метар должина попречен прекоп на коловоз и тротоар;
   - 1.000,00 денари метар должина надолжен прекоп на коловоз и тротоар.

2. Поставување на инсталации во патниот појас (до 1 метар сметано од крајниот раб на коловозот, односно тротоарот) - 0,5 евра од метар во денарска противвредност по среден курс на НБ на Република Македонија“.

3. Поставување на инсталации во заштитниот појас (надвор од патните канафки) во зависност од должината за која се поставува инсталацијата и тоа:
   - За должина до 1км - 3.000,00 денари
   - За должина од 1км до 10км - 6.000,00 денари

- За должина над 10км - 9.000,00 денари.

За начинот и постапката за добивање дозвола за поставување на инсталации во трупот на патот и на патниот појас, Општина Штип ќе донесе посебен правилник.

Член 3

Се овластува комисијата за статут и прописи да изготви Пречистен текст на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-3264/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2022 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

347.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ, ПОПРАВКА И ЗАМЕНА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ОПРЕМА

I

Се објавува Одлука за утврдување на висината на надоместоците за поставување, поправка и замена на други објекти на комунална инфраструктура и комунална опрема.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3265/2 Општина Штип
20 мај 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

348.

Врз основа на член 85 од Одлуката за комунален ред (Службен гласник на општина Штип број 6/13 и 15/21) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ, ПОПРАВКА И ЗАМЕНА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ НА
КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ОПРЕМА

Член 1

За поставување поправка и замена на други објекти на комунална инфраструктура, уреди и комунална опрема (столбови за електрични кабли, оптички кабли и сл.) се утврдува надоместок во висина од 3.000,00 денари еднократно од објект.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Штип“.

Број 08-3265/1
19 мај 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

349.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП, ОПШТИНА БЕРОВО, ОПШТИНА ВИНИЦА, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ЗРНОВЦИ, ОПШТИНА КАРБИНЦИ, ОПШТИНА КОЧАНИ, ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО, ОПШТИНА ПРОБИШТИП И ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

I

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3266/2  
20 мај 2022 година  
Штип

Општина Штип  
Градоначалник  
Иван Јорданов, с.р.

350.

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ број 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 19 мај 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
### За утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево,Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново - Облешево

Член 1

Советот на Општина Штип го утврдува предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево поднесен од Градоначалникот на Општина Штип со бр. 22-2358/1 од 08.04.2022 год., за вршење на работи во рамки на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион “.

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука, проценета од потребата за воспоставување на МОС за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Градоначалникот на Општина Штип се доставува до Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина

Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево на прифаќање и усвојување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3266/1
19 мај 2022 година

Штип

Совет на општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

351.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП„ИСАР“ ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за изменување и дополнување на програмата за работа на ЈП„Исар“ Штип за 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3267/2
20 мај 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

352.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 50/02) и член 21 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2022  година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА
# ЗА РАБОТА НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за работа на ЈП „Исар“-Штип за 2022 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/21 и 1/22) се вршат следните измени и дополнувања:

Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2022 год. во табеларниот преглед на точка 1."Активности усогласени со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип " по точка 22 се додава нова точка 23 која гласи :

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23 | Реконструкција на водоводна линија на дел од ул” Борко Талев и Јане Сандански ” | Водоводна линија ПЕ цевки ОД 110мм 16 бари, ПЕ ОД 63 мм 10 бари и ПЕ ОД 32 мм 10 бари во должина од 325 м | 1.141.535,оо |

II

Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2022 г. под табеларниот преглед на точка 1."Активности усогласени со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип", зборовите "Вкупната вредност на предвидените активности изнесуваат 23.661.456,оо" се заменуваат со зборовите "Вкупната вредност на предвидените активности изнесуваат: 24.802.991,оо ".

III

Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2022 год., точка 2 "Активности финансирани од сопствени средства на ЈП Исар Штип " во табеларниот "Преглед на планирани приходи и расходи "во табела "Приходи" , Приходи од буџет на Општина Штип износот : 23.661.456,оо се заменува со 24.802.991,оо и Вкупно износот : 154.661.456 ,оо се заменува со 155.802.991 ,оо.

IV

Во останатиот дел Програмата за работа на ЈП„Исар“- Штип за 2022 год. останува непроменета.

V

Оваа Програма влегува во сила наредниотден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-3267/1
19.05.2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с. р.

353.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП„ИСАР“ ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

